# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА

# МАКЕДОНСКА

# КАМЕНИЦА

# БРОЈ 12

*Македонска Каменица* | *Година XXI* *23.06.2026* | *Излегува по потреба* *гласникот е бесплатен*

***Јуни 2026***

***МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА***

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на парични средства на Верица Стојановска од Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1567/1** **Градоначалник**
**23.06.2026 г.** **Соња Стаменкова с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 12та (вонредна) седница одржана на ден 23.06.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За одобрување на парични средства**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето на Верица Стојановска од Македонска Каменица заведено под бр.08-1563/1 од 22.06.2026 година, за одобрување на парични средства за транспорт на посмртните останки на нејзиниот син Марио Стојановски од Република Гарманија до Република Северна Македонија.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А00, ставка 412, потставка 412110 – постојана резерва (непредвидливи расходи), ќе се исплатат парични средства во износ од 150.000,00 денари на сметката на Верица Стојановска од Македонска Каменица.

**Член 3**

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр. 08-1568/1** **Совет на општина М.Каменица**
**23.06.2026 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Злате Алексовски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на парични средства на Верица Стојановска од Македонска Каменица.....стр.1

2. Одлука за одобрување на парични средства на Верица Стојановска од Македонска Каменица.....стр.1

3. Содржина.....стр.2